МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 8 став (10) и член 60 став (4) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА, ПРОСТОРНАТА И ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМЕНОСТ НА ОВЛАСТЕНИТЕ ЛАБОРАТОРИИ И МЕТОДИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕНСКИОТ МАТЕРИЈАЛ КАЈ ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ РАСТЕНИЈА

## Член 1

Во Правилникот за начинот на работа, просторната и техничката опременост на овластените лаборатории и методите за испитување на квалитетот на семенскиот материјал кај земјоделските растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/07) во член 4 точката 2 се менува и гласи:

„2. да не врши други стручни работи во врска со сопственото производство на семенски и саден материјал, освен за нивно чување и одржување и ".

Точката 3 се брише.

Точката 4 станува точка 3.

## Член 2

Член 7 се брише.

## Член 3

Во член 8 во ставот (1) зборовите „житни, градинарски, фуражни растенија и репа и растенија за добивање на масло и влакно" се заменуваат со зборовите „житни, фуражни, градинарски, маслодајни и влакнодајни растенија, репа, компир, тутун и земјоделски украсни растенија".

## Член 4

Во член 9 во ставот (5) зборовите „ ,ако не е поинаку назначено во пријавата од снабдувачот, согласно член 7, став 1 од овој правилник" се бришат.

## Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.109-154/2 Министер за земјоделство,

| | |
|---|---|
| 15 јуни 2021 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Arjanit Hoxha,** с.р. |